Бр: 10-113
Скопје: 03.11.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-1208/1 од 20.10.2021 година (Наш број 10-113 од 20.10.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 03.11.2021 година го донесе следното

# **МИСЛЕЊЕ**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со Барање на мислење бр. 13-1208/1 од 20.10.2021 година (во натамошниот текст „Барање на мислење„), ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата дека е планирано зголемување на инвестицијата како и бројот на нови работни места за реализација на вториот инвестициски проект на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид, како корисник на државна помош согласно Договорот за доделување на државна помош од 29.01.2020 година. Имено, новата инвестиција согласно ревидираниот Деловен план со бр. 13-1185/1 од 14.10.2021 година, доставен до Дирекцијата за ТИРЗ е зголемена од 40.500.000 евра на 45.000.000 евра како оправдани инвестициски трошоци а бројот на нови работни места е зголемен од 350 на 450 во периодот до крајот на 2023 година, што воедно претставува продолжување на датумот на завршување на инвестицискиот проект за една година.

Во Барањето на мислење наведено е дека заради навремена реализација на инвестицијата како и креирање на нови работни места изразена е потреба за дополнителна државна помош за реализација на вториот инвестициски проект. Заради зголемување на параметрите, како што е наведено во Барањето на мислење, започнати се преговори за склучување на Анекс договор кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид и ЛЕОПОЛД КОСТАЛ ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) од 29.01.2020, под услови утврдени во Законот за контрола на државна помош и Уредбата за регионална помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа предлог Анексот (Анекс Договор бр.1).

Во член 4 од предлог Анексот (Анекс Договор бр. 1) е наведена дополнителната државна помош на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид за реализација на вториот инвестициски проект.

Исто така, во Барањето на мислење е наведено дека со овој предлог Анекс (Анекс Договор бр. 1) се врши и промена на Договорот за доделување на државна помош од 29.01.2020 година, на начин што измената се врши во називот на третата страна , така што третата страна ќе гласи: КОСТАЛ Аутомобил Електрик ГмбХ& Ко.КГ. Оваа измена на називот на третата страна е согласно член 1 од предлог Анексот (Анекс Договор бр. 1).

Воедно, во Барањето на мислење е наведено и дека со предлог Анексот (Анекс Договор бр. 1) направени се и измени во член 6 од Договорот за доделување на државна помош од 29.01.2020 година, каде условот за раст на вработени и приходи во годините од инвестицискиот период се споредува со претходните години (2017-2022). Овие измени се согласно член 8 од предлог Анексот (Анекс Договор бр.1).

Согласно Барањето на мислење, промената на постојната државна помош резултира со зголемување од 11.11% од буџетот на постојната помош чие доделување е одобрено со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со УП бр. 10-99 од 26.12.2019 година.

Во врска со наведеното Барање на мислење по однос на прашањето дали е потребно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да се достави известување за промена на постојната државна помош на КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид, кој планира да ја зголеми својата инвестиција согласно Договорот за доделување на државна помош од 29.01.2020 од 40.500.000 евра на 45.000.000 евра како и бројот на нови работни места, Комисијата за заштита на Конкуренцијата **смета дека нема потреба од дополнително известување.**

Согласно член 3 став (3) од **Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош**, („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) известување за промена на постојаната државна помош се доставува до Комисијата за заштита на конкуренцијата доколку има зголемување над 20% од буџетот на постојаната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата.

Имајќи ја во предвид горенаведената законска рамка, давателот на државната помош, нема потреба од дополнително известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата за планираното зголемување на инвестицијата за КОСТАЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Охрид.

Во врска со промената на називот на третата страна од член 1 од Предлог-Анексот (Анекс Договор бр.1), Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека настанатите промени во називот на третата страна **претставуваат промени кои се од формално-административна природа** и кои не влијаат врз оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта, согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

За промените кои се од формално-административна природа и кои не влијаат врз оценка на дозволеноста на доделувањето на помошта, согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, давателот на државна помош, нема потреба да ја извести Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 24 од Законот за контрола на државната помош го врши надзорот за доделената дозволена државна помош во претходната година на основа на годишен извештај кој секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година да го достави до Комисијата.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**